ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
GOVERMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
CRISIS MANAGMENT CENTER

# БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
## ЈУНИ 2010

## СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИКОТ НА УНИЦЕФ ВО МАКЕДОНИЈА



На 01 јуни 2010 година директорот на Центарот за управување со кризи, Тони Јакимовски и неговите соработници оствариja средба со претставникот на УНИЦЕФ во Република Македонија, Шелдон Јет. На средбата стана збор за можноста од користење на одредена опрема со која располага УНИЦЕФ во случај на предизвикани несреќи и кризни состојби.

Имено, кај УНИЦЕФ постои расположение оваа опрема да се стави на располагање на соодветни институции од системот за управување со кризи, а Центарот за управување со кризи ја прифати улогата да координира со постапката на нејзината распределба. Станува збор за теренска опрема за снабдување со вода за пиење во услови кога се загрозени или оштетени редовните системи за снабдување со вода за пиење, средства за хлоризација и бактериолошко-хемиско третирање на загадена вода, санитарни материјали и средства и прирачни сетови за мала и неопходна медицинска помош.

На средбата се разговараше и за можноста за покренување на една поширока заедничка активност, која се однесува на пилот програма за процена на сеизмичката ранливост на училиштата како објекти. Центарот за управување со кризи врз основа на законските надлежности би ја обезбедил целосната координација и комуникација со државните и локалните институции и со релевантните високо-научни и други експертски институции од оваа област. Резултатите од една ваква активност би биле одлична основа за изработка на соодветни планови и програми од страна на надлежните централни и локални власти, со крајна цел обезбедување на побезбедни училишта за децата.

## СРЕДБА СО АГЕНЦИЈАТА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА ЈАПОНИЈА



Во Центарот за управување со кризи на 01 јуни 2010 беше одржан работен состанок со претставниците на Агенцијата за меѓународна соработка на Јапонија (JICA), Риса Хасаи и Хирото Мисуги, како и од Регионалната канцеларија на JICA во Скопје, Конако Теруи и Сашо Димитров. Согласно своите законски надлежности, Центарот за управување со кризи во 2008 година покрена иницијатива за воспоставување на техничка соработка со Владата на Јапонија за “Развој на интегриран систем за превенција и рано предупредување од шумски пожари”.

Целта на овој состанок беше оценување на националните капацитети за имплементација на проектот, а посебно на капацитетите на ЦУК како институција, која ќе координира со неговата имплементација. Развојот на овој систем претставува еден од стратешките приоритети на Центарот за управување со кризи, кои се зацртани во Стратешкиот план 2009-2011 година.

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ЦУК И УСАИД



На 30 јуни 2010 беше потпишан Меморандум за соработка меѓу Центарот за управување со кризи и Американската агенција за меѓународен развој ( USAID ) во Република Македонија. Станува збор за продолжување на соработката меѓу Република Македонија и САД во областа на кризниот менаџмент преку размена на информации и искуства, обуки и финансиска помош за потребите на системот за управување со кризи.

Меморандумот го потпишаа директорот на ЦУК, Тони Јакимовски и директорот на мисијата на USAID во Скопје, Мајкл Фриц.

## СВЕТИ НИКОЛЕ И ГЕВГЕЛИЈА СО МЕРКИ ПРЕД СЕЗОНАТА НА ПОЖАРИ



Советодавната група на граѓани на општина Свети Николе, на 10 јуни 2010 година одржа состанок на кој институциите ја презентираа нивната подготвеност и преземените мерки и активности за превенција и справување во периодот на претстојната сезона на пожари.

На состанокот приуствуваа претставници од: ЈП „Македонски шуми“ подружница Свети Николе, ЈП „Пасишта“, МВР - Полициска станица Свети Николе и инспектори за превенција при СВР Штип, од Јавното обвинителство, Инспекторот за пожари при ДЗС, МЗШВ, од Доброволното противпожарно друштво, бизнис секторот, медиумите и претставник од РЦУК Свети Николе.

Од страна на претставниците на институциите беше нагласена важноста на превентивното делување за намалувањето на ризиците и опасностите од настанување на пожари, кое би се реализирало преку навремено информирање на земјоделците, сточарите и граѓаните.



На 9 јуни 2010 година во просториите на РЦУК Гевгелија се одржа редовна седница на Регионалниот штаб. На состанокот, освен членовите на Регионалниот штаб, присуствуваа и претставници од повеќе институции кои се надлежни при справување со пожари. Како посебна точка од дневниот ред на состанокот беа активностите за превенција и справување со пожари од поголеми размери на отворен простор.

## СЕДНИЦА НА РЕГИОНАЛНИОТ ШТАБ НА РЦУК СКОПЈЕ



Во Центарот за управување со кризи на 23 јуни 2010 се одржа редовна седница на Регионалниот штаб на РЦУК Скопје. На седницата присуствуваа претставници на единиците на локалната самоуправа, градот Скопје, Итна медицинска помош, СВР - Скопје, Црвен Крст на град Скопје, Центарот за јавно здравство - Скопје, Бригадата за противпожарна заштита на град Скопје и претставници на Дирекцијата за заштита и спасување.

На седницата со која раководеше рakовoводителот на Регионалниот штаб, Ристо Мојсов, беа разгледани обврските и задачите на субјектите во системот за управување со кризи, кои произлегуваат од Законот за управување со кризи и други нормативно правни акти, а во врска со превенцијата, управувањето и справувањето со кризни состојби на територијата на РЦУК Скопје. Меѓу другото стана збор и за имплементацијата на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на локално и на регионално ниво

## НЕВРЕМЕ ВО КРУШЕВО



**НА 05 Јуни 2010 во попладневните часови Крушево го зафати силно невреме проследено со пороен дожд и поситен град. При извршениот увид од страна на претставник на РЦУК Крушево, на повеќе локации забележани се штети од невремето. На неколку места на локалните улиците во градот е забележано лизгање на земјиште, со што беше оневозможен сообраќајот. Проблеми имаше и на регионалниот пат Крушево-Прилеп пред влезот во Крушево, каде дојде до наноси од земја, песок, камења и дрва. Сообраќајот по овој патен правец беше во краткотраен прекин, а екипи на ЈП Македонија пат работеа на негово расчистување.**

## ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИ ПО НЕВРЕМЕТО ВО ПОВЕЌЕ РЕГИОНИ

**Беровскиот регион на 18 јуни беше зафатен од силно невреме проследено со обилни врнежи од дожд и град. Најпогодени беа населените места Пехчево, Негрево, Чифлик, Умлена и Стојмирово, а со помал интензитет беа зафатени Робово, Мачево, Црник, и дел од селото Панчарево.**



**Како последица на излевање на Стојмирска Река, во с.Стојмирово се поплавени дворови на куќи, како и земјоделските површини по течението на реката (градини, овоштарници, ливади и слично). Предизвикана е материјална штета на земјоделските култури, која се утврдува од формираната општинска комисија.**

**Општина Ресен исто така беше зафатена од невреме проследено со поројни врнежи од дожд, град, силен ветер и електрични празнења. Локалната самоуправа одржа состанок со раководителите и одговорните лица во надлежните институции, со цел да се направи анализа на настанатата ситуација. Најголеми штети се забележани на овошните насади од селата Држени, Езерани, Царев Двор, Долна Бела Црква, Козјак и Сопотско до месноста Макази. Материјалните штети се утврдуваат од страна на општинска комисија.**

**Невремето ги погоди и општините Кавадарци, Неготино и Росоман, каде наврнаа од 20 до 40 л/м2. Реонот на селата Ваташа и Моклиште беше зафатен со врнежи од дожд и град, но биле предизвикани незначителни штети на земјоделските површини. Во атарот на селата Камен Дол и Сирково, штетата на земјоделските површини е до 50 % (лозови, овошни, градинарски и житни култури). Во неготинскиот регион најпогодено е подрачјето на село Дисан, каде биле зафатени околу 100 хектари и штетата се движи до 80 %.**

**Во кавадаречките села Сопот, Горобинци, Трстеник и Преод, штета е причинета на околу 700 хектари засадени со пченица, пченка, јачмен, грав и лозови насади.**

**На територијата на општина Дебарца со врнежи од град биле зафатени атарите на селата Волино, Мешеишта, Ботун, Злести, Белчишта, Лешани, Горно и Долно Средорече, Грко Поле и Велмеј. Оштетени се земјоделски култури на површина од 20 до 25 хектари претежно со градинарски, лозови, овошни и житни култури. Штетите се проценуваат од 70 до 100%.**

## ЖИТЕЛИ НА ЛАЗАРОВЦИ БЛАГОДАРНИ НА РЦУК КИЧЕВО

**Раководителот на Регионалниот центар за управување со кризи во Кичево на 09 јуни 2010 го посети атарот на селото Лазаровци, каде што имаше појава на заезерување на обработливи површини. Утврдено е дека по навремената реакција на надлежните служби, заедно со локалната самоуправа во Кичево, преземени се сите потребни мерки за чистење на одводниот канал со помош на градежна механизација. На тој начин, досегашните проблеми кои беа присутни во ова населено место сега се отстранети.**

**Жителите на месната заедница од село Лазаровци искажаа благодарност до РЦУК Кичево, бидејќи повторно по долго време ќе можат да ги обработуваат површините, кои до сега беа поплавени**



## АЛО 195 МТВ
## емисија за кризен менаџмент



**Центарот за управување со кризи во соработка со Македонската радиотелевизија од 2 јули 2009 година, започна со реализација на телевизиски проект насловен „АЛО 195“.**

**Во рамките на циклусот емисии ќе бидат претставени различни видови на ризици и опасности, несреќи и катастрофи, кои се составен дел од нашиот живот и нашето секојдневие.**

**Целта на проектот е на гледачите да им се доближи системот за управување со кризи со сите свои предности и недостатоци, да се претставаат надлежните институции и органи задолжени да постапуваат во редовни и кризни состојби, да се прикажат мерките и активностите кои треба да се преземат во фазите на превенција, рано предупредување, справување и надминување на последиците од одредени кризни состојби.**

**Во текот на мај 2010 година реализирани се следните емисии:**

**03 јуни 2010 ( 37-ма емисија )**
**тема:** Јонизирачко зрачење и заштита од радиоактивни натеријали
**гости:** Румен Стаменов, директор на Дирекција за радијациона сигурност и Снежана Давчевска, раководител на Сектор за инспекциски надзор на Дирекција за радијациона сугурност

**10 јуни 2010 (38-ма емисија)**
**тема:** Превентивни мерки и активности за заштита од пожари
**гости:** Благоја Менковски, командант на Бригадата за противпожарна заштита на град Скопје

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ул. Димче Мирчев бб Скопје

контакт : 3 249 101, факс: 3 249 102
www.cuk.gov.mk
e-mail: mail@cuk.gov.mk

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И ПРОТОКОЛ**
тел: 3 249 168; 3 249 169, 3 249 171; 3 249 172